Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, на сто и шеснаесетта седница, во Штип, врз основа на член 68 ст.1 т.л) од Законот за извршување в.в со чл.54 ст.2 и чл.28 ст.1 т.9 од Статутот на КИРМ, на ден 25.08.2015 година, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

## За работа на Комисијата за континуирана едукација

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-876/3
25.08 2015 год.
СКОПЈЕ

**Член 1**

Цели на Комисијата за континуирана едукација се организација и придонес во континуирана едукација и стручно оспособување на извршителите, замениците извршители и помошниците извршители во областа на извршувањето и сродните области кои се од значење за успешна реализација на професијата извршител.

**Член 2**

Комисијата својата цел ја остварува преку:

- Учество на семинари, обуки, јавни расправи и други видови на средби од областа на извршувањето и сродните области во земјата и во странство
- Остварување контакт со институции, органи и други тела заради разработка на материјал што би служел за едукација и стручно оспособување
- Поднесување извештаи за остварени средби
- Давање иницијатива за организирање активности насочени кон едукација и стручно оспособување и друго
- Предлагање теми и презентери на семинари во организација на КИРМ
- Презентирање на стекнатите искуства и знаења од семинарите, обуките, јавните расправи и другите видови средби и тоа на првиот нареден редовен семинар на Комората на извршители на Република Македонија
- Давање мислење по однос на содржината на предлог програмата за стручна едукација.

**Член 3**

Комисијата брои пет члена од кои еден е претседател и еден заменик претседател, за во случај на отсуство или спреченост за работа на претседателот. Членовите, претседателот и заменикот претседател ги избира Собранието на предлог од Управниот одбор, со мандат од две години.

**Член 4**

Комисијата работи на јавни седници, што се одржуваат најмалку четири пати во годината, шест до осум недели пред одржување на семинар организиран од Комората за извршители на РМ.

Јавните седници ги закажува претседателот на Комисијата или стручната служба при КИРМ.

На јавните седници членовите на Комисијата ги поднесуваат извештаите за остварените средби, даваат предлози, мислења и иницијативи до стручната служба на КИРМ.

Јавните седници ги води претставник од Стручната служба на Комората. Стручната служба е во директен контакт со членовите на Комисијата заради реализација на целите на Комисијата.

Комора на извршители на РМ

Претседател

Зоран Петрески

______________________